РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
КОЛЕ НЕДЕЛКОВСКИ
Бр. 03-83/1
28. 01. 2026год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 8, член 9 и член 10 од **Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер** („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/2019), Директорот на ООУ „Коле Неделковски", Скопје, на ден 28.01.2026 година го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**

I. За службени лица за посредување со информации од јавен карактер се определуваат Марија Трпчевска Блажевска на работно место - психолог и Сања Николовска на работно место – секретар,.

II. Службените лица се должни да ја водат и имплементираат постапката по примените барања за пристап до информации од јавен карактер во рок и на начин согласно одредбите на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, при што:

- контактира и ги дава потребните информации и му помага на барателот на информации, за што води посебна евиденција за примањето на барања за информации, чување и давање на информациите;
- во соработка со останатите вработени спроведува тест на штетност како задолжителна постапка пред да одбие пристап до барана информација, согласно член 6 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, а со која ги проверува последиците врз интересот кој се заштитува, односно јавниот интерес што би се постигнал со објавување на информацијата или со кој ќе се утврди дека со објавувањето на таквата информација последиците врз интересот кој се заштитува се помали од јавниот интерес утврден со закон што би се постигнал со објавувањето на информацијата;
- носи решение за отфрлање на барање кое не е дополнето согласно член 17 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и
- носи решение со кое позитивно одговара на барањето или барањето делумно или целосно го одбива, согласно член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

III. Службените лица се должни редовно да ја водат и ажурираат листата на информации со кои располага имателот на информации и истата да ја објави на соодветен начин, достапен на јавноста (интернет страница, огласна табла и друго)

IV. Службените лица подготвуваат Годишен извештај за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, истиот задолжително го доставуваат до Агенцијата за заштита на правото на слободен печат до информациите од јавен карактер најдоцна до 31 јануари во тековната година за предходната година и превзема неопходни дејствија за објавување на истата веб страница на oukolenedelkovski.edu.mk.

Ова решение влегува во сила на денот на донесувањето.

V. Со денот на влегувањето во сила на ова Решение престанува на важи Решението со број 02-77/1 од 26.12.2023 година.

Директор
Александар Христовски

Доставено до:
- Именуваните лица
- Архива
- Персонално досие

Согласно член 36 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Сл. весник на Р.С.М. бр.101/2019)

ООУ „Коле Неделковски" - Скопје
Ул. Антоние Грубишиќ бр. 8 Скопје
078/427-285
oukolenedelkovski@yahoo.com
**(името на имателот на информацијата, адреса, телефон, факс, e-mail)**
Сања Николовска, Марија Т. Блажевска
**(името на службеното лице)**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
КОЛЕ НЕДЕЛКОВСКИ
Бр. 03-85/2
28.01. 2026 год.
СКОПЈЕ

го подготви следниот

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**
**(од 1.01.2025 до 31.12.2025)**

1. Податоци за службените лица определени за посредување со информации кај имателите на информации;

- **Сања Николовска**, Секретар советник за општи и нормативно – правни работи и
- **Марија Т. Блажевска** психолог
- Контакт телефон: **078/427-285**
- E-mail адреса: **oukolenedelkovski@yahoo.com**

2. Број на примени барања; 0
3. Број на позитивно одговорени барања; 0
4. Број на одбиени и отфрлени барања со наведување на причините за секое одбиено или отфрлено барање; 0
5. Број на неодговорени барања 0
6. Број на вложени жалби против првостепени одлуки (решенија на имателите на информации, со опис на одлуката, како и со наведување на причините за донесената одлука во случај на повторно одбивање на бараната информација); 0
7. Број на усвоени жалби со одлука на Агенцијата; 0
8. Број на преиначени првостепени одлуки по постапување на Агенцијата 0
9. Број на одбиени жалби од Агенцијата и причини за нивно одбивање 0
10. Број на отфрлени жалби од Агенцијата и причини за нивно отфрлање. 0

**НАПОМЕНА:** Таксативно набележаните обврски од член 36 значат и Ваша обврска на истите да одговорите прецизно, со податоци, коментари и карактеристики што произлегуваат од Вашата работа.

**ООУ "Коле Неделковски" - Скопје**
**Директор**
**Александар Христовски**
**(Имател на информации-печат)**

**Скопје 20.01.2026 година**
**(Место и датум)**

**Сања Николовска**
**Марија Т. Блажевска**
**(службено лице – потпис)**